**Известување за концентрација со која Алма Цареер Оу Финскаќе стекне контрола над Друштвото за услуги ВРАБОТУВАЊЕ ОНЛИНЕ ДОО Скопје Северна Македонија**
**(предмет бр. 08-88/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 16.06.2023 година,до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнување самостојна контрола од страна на Алма Цареер Оу (Alma Career Oy), друштво со ограничена одговорност регистрирано во согласност со законите на Финска, со седиште на адреса Алвар Ааллон кату 3 Ц 00100 ХЕЛСИНКИ, Финска над Друштвото за услуги ВРАБОТУВАЊЕ ОНЛИНЕ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на адреса ул. Васил Ѓоргов бр. 24-1/5 – Скопје.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Алма Цареер Оу** (Alma Career Oy) е друштво регистрирано во Финска, кое е дел од Алма Медиа (Alma Media) Групацијата. Групацијата Алма Медиа е меѓународна групација која обезбедува дигитални и медиумски услуги.
Во матичната држава Финска, деловните активности на Групацијата вклучуваат маркетплејс онлајн платформи за домување и возила, финансиски и професионални медиуми, медиуми за широки спектари на клиенти, како и содржини и услуги поврзани со податоци наменети за професионалци и деловни потфати. Во Источна и Централна Европа, Шведска и во Балтичките држави, Алма Медиа спроведува деловни активности поврзани со услуги од областа на вработувањето и онлајн маркетплејс за комерцијални објекти. Алма Медиа Групацијата е присутна во 11 држави во Европа и вработува над 1.700 лица. Акциите на Алма Медиа котираат на берзата НАСДАК (NASDAQ) во Хелсинки.

Деловните активности на Алма Цареер Оу опфаќаат консултантски услуги од областа на регрутирањето вработени, услуги за објава на слободни работни места, следење на апликации за работа, брендирање на работодавачи, технолошки системи и услуги од областа на работните односи, активности поврзани со саеми за вработување, едукативни системи и услуги, како и услуги поврзани со ангажирање на вработени.

**Друштвото за услуги ВРАБОТУВАЊЕ ОНЛИНЕ ДОО Скопје**, е основано во 2017 година и е со приоритетна дејност– Интернет портали.
Основна деловна активност на ВРАБОТУВАЊЕ ОНЛИНЕ ДОО Скопје е објавување на слободни работни места преку платформата https://www.vrabotuvanje.com.mk/. Исто така друштвото спроведува активности поврзани со виртуелни саеми за вработување, брендирање на работодавачи, обработка и објавување на податоци за плати преку платформата https://www.mojaplata.mk/, како и активности за истражување на задоволство на вработени преку платформата https://pulser.mk/.

Подносителот на известувањето смета дека како релевантен пазар, за целите на оценка на концентрацијата е пазарот на огласување на слободни работни места преку интернет на територијата на Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

20.06.2023 година
Скопје